# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019

## ФОРУМ - ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Јануари, 2020**

**Годишен извештај за работењето на Форум ЦСИД во 2019 година**

Форум - Центар за стратешки истражувања и документација е основан во 1997 година како невладина организација која е посветена на истражување на стратегиските аспекти и решенија на актуелни локални, национални и регионални прашања. Центарот имаше значајна улога во зајакнување на улогата на граѓанскиот сектор и зголемување на неговото влијание во формирањето на националните политики насочени кон постигнување на неопходните стандарди за Евро-атланската интеграција на Република Македонија.

Форум ЦСИД е непрофитна организација, којашто во целост се потпира врз грантови и донации од странски донатори, фондации, компании и други организации, што ги препознаваат резултатите од она што го прави Центарот во насока на создавање подобра општествена клима и подобро владеење во Македонија.

Денес организацијата активно работи на вклучување на граѓаните во процесите на партиципативната демократија едуцирајќи стотици граѓани и граѓански активисти како нивните потреби и идеи да ги остварат во рамките на општествените текови и да влијаат на носителите на одлуките.

Вредностите на организацијата, прифатени од нејзните вработени, претставуваат клучна компонента од нејзината култура. Оперативно, тие претставуваат основа за етичко одлучување за постапување на секој член на организацијата. Форум ЦСИД високо ги цени особено следниве вредности:

- *Професионализам*: доследно демонстрирање највисоки стандарди на стручната практика и одговорно однесување.
- *Интегритет*: покажување искреност, отвореност и фер однесување во секоја обучувачка, дебатна и било која друга работна ситуација.
- *Посветеност и лојалност:* грижа за испорака на најдоброто за соработниците, организацијата и заедницата.
- *Емпатија*: тежнение да се видат нештата од страната на другите и покажување разбирање за нив.
- *Индивидуализација*: почитување на индивидуалните разлики и легитимност на различните интереси и потреби во секоја ситуација.

Во 2019 година, Форум ЦСИД продолжи да иницира, подржува и овозможува дебати на релевантните засегнати страни во креирањето на кохерентни и практични јавни политики во подобрувањето и забрзувањето на демократските процеси во Република Македонија.

**Стратешки програмски приоритети во 2019 година беа:**

1. Граѓански активизам

    - Поддршка на граѓанскиот активизам (обучувачка подршка на развивањето и користењето на индивидуалните капацитети);

2. Добро владеење
    - Борба против корупцијата
    - Буџетски мониторинг
    - Пристап до информации од јавен карактер
    - Учество во градење на јавните политики

3. Децентрализација
    - Рамномерен регионален развој
    - Урбани и месни заедници
    - Фискална децентрализација (буџетски перформанси на единиците на локалната самоуправа)
    - Трансфер на социјални надлежности

4. Медиуми
    - Медиуми на заедници (непрофитни)
    - Професионализација на медиумските работници

5. Животна средина
    - Органско земјоделство
    - Енергетска ефикасност

**Форум ЦСИД во 2019 година работеше со следната организациска структура:**

1. Слаѓан Пенев, извршен директор

2. Цветанка Михајловска, проектен координатор

3. Александар Николиќ Писарев, постар истражувач

4. Маја Миленковска, финансов директор

5. Катерина Димова, волонтер

Организацијата повремено ангажира и околу 15 постојани надворешни соработници, претежно експерти од областа на човековите права, локалната самоуправа, правните, политичките и економските науки, а за потребите на редовните обуки, семинари и работилници, како и за потребите на документите и публикациите кои ги продуцира, покрај претходно спомнатите, ангажира и неколку лектори, преведувачи и графички дизајнери.

**Управен одбор:**

1. Ѓунер Исмаил, претседател на одбор

2. Сашо Орданоски, член

3. Ванчо Орданоски, член

4. Љубица Георгиевска Исмаил, член

5. Слаѓан Пенев, член

Стратегискиот пристап на Форум ЦСИД во 2019 година, но и во наредниот развоен период е насочен кон обезбедување на одржлив организациски развој преку преземање мерки за врамнотежено задоволување на потребите на клучните засегнати страни на Форум ЦСИД како граѓанска и тинк-тенк организација:

- Високо квалитетни стратегиски анализи и едукативни активности за политики и граѓански активизам (потреби на целната група - корисници на услугите и продуктите на организацијата)
- Подобрување на ефективноста на внатрешните процеси (потреба за одржливост на организацијата)
- Учење и развој (потреби на вработените и соработниците за подигање на индивидуалните и тимски компетенции). Организацијата инвестираше во капацитетите на своите членови и бара од нив постојано инвестирање во сопствените капацитети. Покрај обуките кои ги организира за корисниците на услугите на Форум ЦСИД, членовите на организацијата учествуваа на обуките организирани од сродните организации, за области кои се од непосреден интерес на организацијата, но и за оперативно работење во рамки на една граѓанска организација (управување со човечки ресурси, зајакнување на капацитетите за застапување, обуки за волонтерство и креирање на програма за волонтерство, итн.)
- Финансиски аспекти (потреби за обезбедување и рационално користење финансиски ресурси за програмските приоритети)

Организацијата активно ги следеше буџетските перформанси на општините, продолжи да ги обучува претставниците на граѓанскиот сектор да ги мониторираат буџетските процеси во општините и да ги обучува помладите претставници на граѓанскиот сектор за традиционалните и современите модели на општествен активизам.

**Во 2019 година Форум ЦСИД успешно ги имплементираше следните проекти:**

**Активни граѓани за добро владеење, USAID Civic engagement project**

Форум ЦСИД во јули 2017 година започна да го спроведува проектот „Активни граѓани за добро владеење“ кој се реализира со поддршка на проектот на УСАИД за граѓанско учество. Проектот „Активни граѓани за добро владеење“ ќе се спроведува 3 години во сите осум плански региони во Република Македонија (до јуни 2020 година). Форум ЦСИД пред отпочнувањето на активностите, потпиша меморандуми за соработка со сите поголеми општини во планските региони. Во секој од планските региони, Форум ЦСИД има своја партнерска организација, која ќе помага во реализирањето на предвидените активности. Главна цел на овој проект е граѓаните да се информираат и поттикнат да влијаат на процесот на донесување одлуки на локално ниво.







Во почетокот на 2019 година беше спроведена локална иницијатива во с. Драгоманце, Старо Нагоричане, оградување на основното училиште со жичана ограда и поставување на капии пред ученичкиот дом и пред спортското игралиште со што се зголеми безбедноста на учениците.

Во февруари 2019 година започнавме со активности во Вардарски плански регион. Активностите во овој регион ги спроведувавме во соработка со СППМД од Кавадарци.








Со претставници на локалните самоуправи од овој регион, на граѓански здруженија, медиуми, образовни институции, студенти итн, реализиравме фокус група и работилница, а по работилницата група на млади учесници на работилницата формираа тим кој спроведе локална иницијатива во Вардарскиот плански регион. Акцијата беше иницирана и реализирана од студентки на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, жителки на општина Градско, во соработка со тимот на Форум ЦСИД од Скопје. Во Градско беше отворена сензорна градина во дворот на градинката и основното општинско училиште „Даме Груев“. Целта на оваа градина е да ги зголеми сетилните вештини и психомоториката кај децата од пред училишна возраст па сé до периодот на адолесценција. Средувањето на теренот за изградба на сензорната градина го помогна и Општина Градско, а во иницијативата со свој придонес се вклучи и основното училиште. Реализацијата на оваа активност заврши кон крајот на јуни 2019.

Во јуни 2019 година Форум ЦСИД започна со активности во Пелагониски регион, во соработка со локалниот партнер Младински иницијативи за дијалог и соработка од Битола. Со претставници на локалните самоуправи од овој регион, на граѓански здруженија, медиуми, образовни институции, студенти беше реализирана фокус група и работилница, а по работилницата група на млади учесници на работилницата формираа тим кој спроведе локална иницијатива во Пелагониски плански регион. Акцијата се состоеше од пошумување на ридот на населбата Баир со борова шума.





Во ноември 2019 година започнаа активностите во Југоисточниот регион заедно со локалниот партнер Планетум од Струмица. Се одржа фокус група и обука во Струмица, а во јануари и февруари 2020 година ќе биде реализирана локална иницијатива во Струмица, Гевгелија и Богданци за родова еднаквост.

Во рамки на проектот, членовите на Форум ЦСИД и седумте партнери спроведоа истражување за формите на непосредно учество на граѓаните во носење одлуки на локално ниво, анализирајќи случаи на граѓански иницијативи од сите осум плански региони. Од истражувањето произлезе анализа која ќе биде промовирана на почетокот на 2020 г. на јавни презентации во три градови.

**Институционална поддршка од програмата Цивика мобилитас**

Форум ЦСИД е една од 15-те организации кои беа избрани за институционална поддршка од страна на програмата Цивика мобилитас. Институционалната поддршка е наменета да го поддржи институционалниот развој и организационото јакнење на индивидуални граѓански организации со цел тие да заземат лидерски позиции во граѓанското општество во државата,

да бидат проактивни, да преземат и да водат иницијативи за соработка и обединување на други граѓански организации.

Со оваа поддршка Форум ЦСИД до 2022 г. планира неколку поголеми иницијативи и активности со кои ќе се обиде да даде придонес кон реформите на локалната самоуправа, граѓанскиот активизам, транспарентноста и отчетноста на единиците на локалната самоуправа, реформа на јавната администрација итн. поткрепени со повеќе истражувања, обуки, дебати и документи за политики.

Во текот на 2019 г. организацијата активно учествуваше на неколку настани организирани од програмата Цивика мобилитас, меѓу кои и Денот на граѓанските организации на плоштадот Скендербег на 14 септември, каде учествуваше со свој штанд, и средбата за вмрежување која се одржа од 25 до 27 ноември 2019 година во Охрид.







**Истражување на оперативноста и функционалноста на Законот за заштита на укажувачи и зголемување на неговата видливост преку медиумски содржини и јавна презентација на истражувањето**

Транспарентност Македонија во соработка со НВО Инфоцентар во рамките на проектот **„Граѓански организации и медиуми против корупцијата - Коалиција за нулта толеранција“,** финансиран од Европската Унија преку програмата за поддршка на граѓанскиот сектор и слободата на медиумите 2016-2017, објавија повик за доделување грантови за граѓански организации (ГО) за акции поврзани со борба против корупцијата.

На овој повик Форум ЦСИД конкурираше и доби поддршка да го реализира проектот „Истражување на оперативноста и функционалноста на Законот за заштита на укажувачи и зголемување на неговата видливост преку медиумски содржини и јавна презентација на истражувањето“. Целта на проектот беше да се истражи оперативноста и функционалноста на Законот за заштита на укажувачи и да се зголеми неговата видливост преку медиумски содржини, и да се стимулират граѓаните и вработените во јавните институции да ги искористат можностите кои ги пружа законот и да ја пријават секоја корупција или сомнеж за корупција во своето опкружување. Во рамки на проектот беше реализирано истражување преку структуирани интервјуа со граѓани за нивото на нивното познавање на законот за пријавувачи и прашањата на корупцијата, и со раководителите на јавни и државни институции со цел да

дознаеме дали во рамките на институциите имало пријави и дали се тие пријави процесиурани понатаму до надлежните тела во државата за борба против корупција, дали и какви мерки се превземени, и беше изработена анализа (студија) - завршен документ за функционирање и оперативност на Законот за заштита на укажувачи.

Препораките од анализата беа промовирани на две јавни презентации во Скопје и Тетово, во декември.




**Иновативна платформа за органско земјоделство, Еразмус +**

Проектот „Иновативна платформа за органско земјоделство" започна да се реализира на 1 ноември 2019 година, финансиран од програмата Еразмус + на Европската комисија (Клучна акција КА2 – 204 – стратешки партнерства за образование на возрасни) и обединува организации од различни земји кои ќе соработуваат заедно за развој на нови и иновативни ресурси во корист на граѓаните, поточно земјоделците, даватели на образовни услуги за возрасни, локални ГО кои работат на полето на земјоделството и животната средина. Во фокусот на овој партнерски проект е образованието на возрасни за производство на органска храна. Форум ЦСИД е водечка организација во партнерство со Србија Органика (Србија), Еко-Задар (Хрватска), Бугарската школа за политика „Димитри Паница", Македонија-Експорт (Северна Македонија) и Наша Добра Земја (Северна Македонија). Главната цел на овој проект е да се зголеми знаењето на давателите на образовни услуги за возрасни за органско производство, маркетинг и брендирање на производи преку нова и иновативна наставна програма. Во рамки на овој проект во ноември и декември 2019 година беше изработена веб страната [www.oaiplatform.com](http://www.oaiplatform.com).



**Менторска поддршка за партнерска организација**

Во 2019 г. Форум ЦСИД понуди менторска поддршка на здружението Призма – Центар за општествени истражувања и развој, како дел од проектот „Мониторинг на буџетските процеси во Општина Ѓорче Петров“, финансиран од програмата „Национален ресурсен центар за граѓански организации“, која ја спроведуваат Македонски центар за меѓународна соработка, Асоцијација за демократски иницијативи од Гостивар и Медиа Плус од Штип, а е финансирана од ЕУ.

За потребите на овие активности претставник на Форум ЦСИД одржа обуки за членовите на Призма кои се однесуваа на раководење со проектен циклус, можностите за генерирање фондови во граѓанското општество и за редовен мониторинг на буџетските процеси во единиците на локалните самоуправи. По обуките, членовите на Форум ЦСИД и Призма одржуваат редовни консултации за потребите на мониторингот на буџетските процеси во Општина Ѓорче Петров, кој го спроведуваат членови на Призма.





**Форум ЦСИД**

Бул. Партизански одреди, 6/мезанин
1000 Скопје

+389 2 3121 100

forumcsrd@forum-csrd.org.mk
www.forum-csrd.org.mk
www.facebook.com/FORUMCSRD/

Претседател: Ѓунер Исмаил

Извршен директор: Слаѓан Пенев

Извештајот го изготвија: Слаѓан Пенев и Цветанка Михајловска